Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Буџетски календер**

1. Се прогласува Буџетскиот календер за подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-2780/1**
**29.12.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 27 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М “ број 61/04; 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/19 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 34$^{та}$ седница на одржана на ден 29.12.2023 година донесе:

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

За подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година

| Ред. бр. | Буџетски активности | Период/месец |
|---|---|---|
| 1. | Изготвување на буџетски календар и одобрување од страна на Советот на општината. | Декември 2023 година – март 2024 година |
| 2. | Министерот за финансии доставува Буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на општинскиот буџет за наредната година, со дадени максимални износи на сопствени приходи во основниот буџет и висината на наменските и блок дотации. | Најдоцна до 30 септември 2024 година |
| 3. | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. Се прави анализа на финансискиот капацитет на општината – проценка на сопствените приходи и капацитети. Се прави комуникација со клучните одделенија во општината се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења) и со тоа да се определат целите / приоритетите / активностите на секое од општинските одделенија. | Октомври 2024 година |
| 4. | Се изготвува предлог на план на програми за развој за Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година и Градоначалникот го доставува до Советот на општината за усвојување | Најдоцна до 20 октомври 2024 година |
| 5. | Советот на општината го донесува Планот на програмите за развој на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година. | Најдоцна до 15 ноември 2024 година |
| 6. | Општинската администрација доставува прегледи за висината на блок дотација за пренесени надлежности за 2025 година и барања до единките корисници за доставување на нивни предлог буџети за 2025 година. | Ноември 2024 година |
| 7. | Одделението за финансиски прашања | Ноември/декември 2024 |

| | | |
|---|---|---|
| | изготвува предлог општински буџет врз основа на предлозите од општинската администрација и единките корисници, се одржуваат разговори и состаноци за разгледување и утврдување на предлог буџетите од општинската админстрација и нивно усогласување со дадените насоки во Буџетскиот циркулар од Министерството за финансии. | година |
| **8.** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог–Буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања. | Ноември/декември 2024 година |
| **9.** | Предлог – буџетот се доставува до Советот за негово разгледување и усвојување. | Декември 2024 година |
| **10.** | До Советот се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот. | Декември 2024 година |
| **11.** | Се води расправа во телата на општината. | Декември 2024 година |
| **12.** | 1.Се одржува седница на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната година;<br>2.Доколку Советот не го усвои предлог-буџетот се донесува одлука за времено финансирање согласно член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М “ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11,192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22). | Декември 2024 година |
| **13.** | Започнува нова Буџетска година | 01 јануари 2025 |

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-2781/1**
**29.12.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**